
КОНФЕДЕРАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ
ОРМ
ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТОДАВАЧИ НА МАКЕДОНИЈА
ORGANIZATION OF EMPLOYERS OF MACEDONIA
ПРИРАЧНИК
ЗА
ПРОЦЕНКА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ
РИЗИК
DORACAK
PËR
VLERËSIMIN E RREZIKUT PROFESIONAL
Austrian
Development Cooperation
ILO

# Прирачник за Проценка на Професионалниот Ризик

Проект на :

Меѓународна Организација на Трудот

Австриската Агенција за Развој

Изведувачи:

Конфедерација на Работодавачи

Организација на Работодавачи

Стручна поддршка:

Македонско Здружение За Заштита При Работа

Проф.Д-р. Елисавета Јасна Стикова

Тираж:750

Скопје,Декември 2009

# Содржина


1. **Вовед**
2. **Основна цел на прирачникот за проценка на професионалниот ризик**
3. **Законски основи на проценка на ризикот**
4. **Одговорности на работодавачите**
5. **Основна цел за проценка на ризик**
6. **Ризик, опасности и поделба**
7. **Намалувањето на ризикот низ фази**
8. **„Чекори“ при проценка за намалување на ризик**
9. **Водење на евиденција–запис/изјава за безбедност**
10. **Правилник за изготвување на изјава за безбедност**
11. **Информации**

# 1. Вовед

Безбедноста на работа и здравјето на професионално експонираните работници не претставува само формален пристап со кој заедницата сака да ја декларира својата определба за унапредување на работната средина благосостојбата на работниците. Напротив, тоа е многу економски ориентирана категорија, со која треба да се заштитат интересите на работниците, на претпријатијата, на компаниите!!

Правото за здравје и правото за безбедност на работа се универзални човекови и работни права. Поради тоа, Меѓународната организација на трудот (МОТ) од своето постоење до денес има усвоено и објавено 187 Декларации и 198 препораки од областа на здравјето и безбедноста на работа.

Во Законот за безбедност и здравје при работа , воведен е нов термин и воедно нов начин и постапка во намалувањето на штетните влијанија од процесот на остварување на работните задачи на работното место.

Ризик!!! Создаден од несоодветни работни услови ,необезбедени работни места од кој настанува повреда на работа и професионално заболување.

Процена на ризик е основа за безбедно и здраво работно место,самиот процес на проценка на ризикот е одговорност кон вработените за потикнување на нивната сигурност, мотивација и доверба кон претпријатието. Процената на ризик е показател за насоката за долгорочно опстојување на претпријатието, подобрување на капацитетите,продуктивноста и профитот.

Изготвување на изјава за безбедност, значи изготвување и обезбедување на сигурно и безбедно работно место

Модерените, функционални и хармонизирани систем за здравје и безбедност на работа, какви што се воспоставени во многу развиени земји и во сите земји-членки на ЕУ, базично се ориентирани кон потребата за сочувување и зголемување  на економските интереси на работодавачите Токму поради тоа како неминовност се наметнува што побрзо имплементирање на европското законодавство, нормите и стандардите на Европската унија (ЕУ), Меѓународната организација ан трудот (МОТ) и Светската здравствена организација (СЗО) во областа на безбедноста на работа и здравјето на работниците.

Благодарејќи на проценката на Меѓународната Организација на Трудот  и Австриската Агенција за Развој за потреба од подобрување на состојбите во безбедноста и здравјето на работа,изготвен е Прирачникот за Проценка на Професионалниот Ризик како основна алатака за вовед во правилата и прописите за правилно обезбедување на безбедно работно место.

# 2. Основна цел на прирачникот за проценка на професионалниот ризик

- Да им се помогне на претпријатијата, особено на малите и средни претпријатија(МСП), да го разберат процесот за проценка на ризикот (ПР) и неговото значење.

- Да се обезбеди инструмент со кој би можеле даспроведат проценка на ризикот за самите себе.

- Да се обезбеди пристап кон значајните извори на информации за професионален ризик во релевантната дејност во претпријатието.

# 3. Законски основи на проценка на ризикот

- Работодавачите имаат генерална обврска да обезбедат безбедност и здравје за работниците во сите аспекти поврзани со нивната работа.

- Проценката на ризикот овозможува работодавачите да ги спроведуваат специфичните мерки што се неопходни за безбедноста и заштита на здравјето на вработените.

- Во рамките на Законот за безбедност и здравје на работа, сите работодавачи мора редовно да спроведуваат проценки на ризикот. (Рамковна директива 89/391, транспонирана во национално законодавство).

# 4. Одговорности на работодавачите

Работодавачот има обврска:

- Да организира проценка на ризикот
- Да назначи лице/лица за спроведување на проценката на ризикот и да се осигура дека тие се компетентни за извршување на задачата
- Да ги воведе превентивните и заштитните мерки
- Да ги вклучи работниците во процесот за проценка на ризикот
- Да ги консултира работниците или нивните претставници за организацијата напроценката на ризикот
- Да ги собере извештаите од спроведената проценка на ризикот и да ги направи достапни за работниците и/или нивните претставници
- Да се осигура дека сите работници се информирани за сите штетности, за сите потенцијални негативни ефекти и за сите превнтивни мерки

# 5. Основна цел за проценка на ризик

Работодавачот да превземе низа на мерки за безбедно и здраво место за исполнување на работните задачи:

- Спречување на професионална опасност,
- Информација на персоналот-вработените во претпријатието,
- Обуки,
- Организирано спроведување на мерките.

Проценката на ризик се повторува при секоја појава на промена на условите , средината , технологијата и материјалите. Внимание треба да се посвети на тоа,со примена на нови мерки и елиминација на опасности и ризици при елиминирање на една опасност да се внимава да не се создаде друга.

# 6. Ризик, опасности и поделба

### Дефиниција:

Под поимот **ризик** се подразбира квантитативно изразена мерка на веројатноста дека како последица на изложеноста, ќе се јават штетни ефекти врз здравјето и животот на професионално изложените работници.

Извор на опасност и **ризик** се: Материјата,предметите,местото и опкружувањето на работниците на работно место.При постојана анализа и постјано следење на условите на работното место кое може директно да влијае на здравјето на целокупниот персонал во претпријатијата проценката на ризик влијае за намалување и елиминирање на опасностите.

**Ризикот** претставува збир на две компоненти:

1. **Веројатност за појава на штетни фактори во работната средина**

2. **Веројатност за појава на консеквентни негативни ефекти врз здравјето на изложените работници.**

### Опасности и поделба

Опасностите се делат според видот и природата на опасност и тоа:

- Механички
  - Опремата и орудијата за работа не е стандардизирана согласно правилата за безбедност и здравје при работа
  - Не адекватана употреба , одржување и периодична проверка и сервисирање
  - Предмети во движење и поместување остри, шилест и необработени
  - Физички повреди при поместување подигнување, туркање,фрлање и влечење рачни алати
  - Жешки или ладни предмети
  - Зафаќање на делови од лична опрема за заштита
  - Грешки во поставеност на конструкција

-Опасност од електрична енергија

- Допирање на незаштитени електрични уреди спроводници и алати под напон
- Гром и електрично празнење

-Опасност од транспорт идвижење

- Движење:мазен,лизгав,нераменнечист под или патека
- Паѓање:скелиња,височини без заштита, скалила, наклони
- Затрупување од материјали

-Пожар и експлозии

- Незаштитена лесно запалива инсталација и запаливи материјали
- Запаливи течности,горива и запаливи материјали

-Физички и Хемиски

- Зголемена или намалена температура на атмосферата и микроклиматските услови
- Механичка енергија

- Индустриски отрови
- Производствена прашина,магла, пареа-органска и неорганска
- Осветленост

-Биолошки

- Инфекции
- Микроорганизми
- Животни и растенија

-Психички и физички напори

- Несоодветна положба на телото
- Висок степен на одговорност,слаба мотивација,стресни работни задачи
- Физички напор-трудоинтезивни дејност

# 7. Намалувањето на ризикот низ фази:

- **Идентификација**
- **Инженерскии стручни контроли** (физички средства)
- **Намалување/замена**
- **Елиминирање** (вклучува отстранување на опасностите или понекогаш избегнување на опасностите, на пример, отстранување на опасноста од сопнување, избегнување на работа на височина итн.)
- **Безбедни системи на работа**, информации, упатства, обука, надзор, соодветна проверка и тестирање итн. (нефизички средства)
- **Опрема за лична заштита**

# 8. „Чекори“ при проценка за намалување на ризик

## Чекор 1:

## Идентификација на штетност и изложеност

Активности неопходни за идентификација на штетност вклучуваат:

- Обиколка и разгледување на работното место и барање на штетностите што можат да предизвикаат оштетување.
- Консултација соработниците и/или нивните претставници за проблемите со кои тие се среќаваат.
- Разгледување на постојаното влијание на штетностите врз здравјето ( високо ниво на бучава или опасни супстанци), а не само на очигледните ризици.
- Анализа на податоците на компанијата за несреќите, повредите и болестите.
- Барање на податоци од други извори за:

►Водичи и декларации од произведувачите и добавувачите

►Интернет страници за безбедност и здравје на работа

►Законски и други барања поврзани со работното место.

►Информации за штетност и штетно влијание

- За штетноста е значајно да се знае:

►Кои се групите на работници што можат да бидат професионално изложени на ризик

►На кој начин работниците доаѓаат во контакт со штетноста (директна или индиректна изложеност)

►Како тие може да бидат засегнати–тип на повреда или болест што може да се јави

- Особено внимание треба да биде насочено кон ранливи групи на работници во зависност од нивниот пол и/или други евентуални барања што може да го зголемат ризикот:

►Вработени со онеспособеност

►Млади и постари работници

►Бремени жени и доилки

►Необучени и недоволно искусни работници (нововработени, работници ангажирани на сезонски или прекувремени работи

- Употреба на општа листа за проверка

# Чекор 2:

# Евалуација и приоритизација на ризикот

- За да се одлучи дали ризикот е МАЛ; СРЕДЕН ИЛИ ВИСОК,треба да се има предвид:

  ►Колкава е веројатноста дека штетноста ќе се јави и дека ќе предизвика негативни штетни ефекти,

  ►Каква е сериозноста/тежината на оштетувањето

  ►Колклу често и колку работници се изложени на штетноста.

- Проценка базирана на просудување без барање на специјални вештин и и техники може да биде доволно за:

  ►Работа со штетности кои предизвикуваат мала загриженост

  ►Работни места каде ризикот е добро познат и каде постои можност за контрола

- Во случај на покомплексни штетности или активности,може да се побара професионално знаење, подршка и совети.

# Чекор 3:

# Одлука за превентивни мерки

Кога ќе се заклучи дека е потребно преземање на превентивни и заштитни мерки, мора да се има во предвид:

- Дали е можно да се отстрани или елиминира ризикот и ако НЕ:
- Како ризикот може да се минимизира или контролира за да не ја компромитира безбедноста и здравјето на професионално изложените лица и тоа преку:

  ►Справување со ризикот на местото на изворот

  ►Прилагодување на работата кон работникот

  ►Прилагодување со најновите технички сознанија и информации

  ►Замена на опасните со неопасни или помалку опасни сустанци

  ►Примена на организациони и колективни мерки за заштита пред примената на лични заштитни сретства

  ►Давање на соодветни информации и инструкции на работниците

# Чекор 4:

# Превземање на акција

- Чекор на операционализаци ја на превентивните заштитни мерки.
- Ефикасна имплементација на мерките преку развој на планови, специфицирајќи:

►Кој за што е одговорен и што работи

►Кога активноста ќе биде комплетно завршена

►Наменети средства за имплементација на мерките.

# Чекор 5:

# Следење и контрола на проценката

- Ефикасноста на преземените превентивни и корективни мерки треба да биде континуирано следена.

- Проценката бара да биде повторно прегледана и ревидирана доколку е тоа е потребно, особено ако:

►Секогаш кога ќе се презеат значајни организациони промени во работата

►Како резултат на нова информација поврзана со испитување на повредите и несреќите на работа
►Во случај кога преземените превентивни мерки се недоволни или не се повеќе ефикасни

►За да се осигура дека наодите од проценката на ризикот се сеуште релевантни

**ОПШТА ЧЕКЛИСТА**

| БР. | ОПАСНОСТ | ДА | НЕ | НЕЗНАМ (види спец. чеклиста на опасности) |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Нерамни и лизгави површини што можат да предизвикаат лизгање,сопнување,паѓање и др. | ○ | ○ | |
| 2. | Движење на возила и машини | ○ | ○ | |
| 3. | Подвижни делови на машините | ○ | ○ | |
| 4. | Предмети и делови со опасни површини (остри, рапави и др.) | ○ | ○ | |
| 5. | Топли или ладни површини, материјали и др. | ○ | ○ | |
| 6. | Работни места на височина и точки за качување (што можат да предизвикаат паѓање од височина) | ○ | ○ | |
| 7. | Рачен алат | ○ | ○ | |
| 8. | Висок притисок | ○ | ○ | |
| 9. | Електрични инсталации и опрема | ○ | ○ | |
| 10. | Оган | ○ | ○ | |
| 11. | Експлозија | ○ | ○ | |
| 12. | Хемиски супстанции (вклучувајќи и прашина) во воздухот | ○ | ○ | |
| 13. | Бучава | ○ | ○ | |
| 14. | Вибрации - рака/рамо | ○ | ○ | |
| 15. | Вибрации – цело тело | ○ | ○ | |
| 16. | Осветлување | ○ | ○ | |
| 17. | Ласерски и микробранови зрачења | ○ | ○ | |
| 18. | Електромагнетно поле | ○ | ○ | |
| 19. | Топла или ладна клима | ○ | ○ | |
| 20. | Дигање и спуштање на товар | ○ | ○ | |
| 21. | Неправилно држење на телото при работа | ○ | ○ | |
| 22. | Биолошки опасности (вируси, паразити, габи, бактерии) | ○ | ○ | |
| 23. | Стрес, насилство, злоупотреба | ○ | ○ | |

| | |
|---|---|
| XXX . XXX<br>ИМЕ НА ФИРМА | Реден број на раб.место xx |

ТЕХНОЛОШКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНОТО МЕСТО

| | | | |
|---|---|---|---|
| Работно место(назив): | | | |
| Посебни барања (да ли е раб.место со посебни услови за работа): | | | |
| Режим на работа: | – Неделен фонд на раб.време:<br>– Распоред на работата:<br>– Таење на смена:<br>– Неделен одмор:<br>– Паузи во текот на работата: | | |
| Вкупно запослени на РМ | | Мажи | |
| | | Жени | |
| | | Помлади од 18 год. | |
| | | Бр. На инвалиди на труд | |
| Опис на работните задачи | 1. | | |

| | | |
|---|---|---|
| **Средства за работа** | | |
| **Работен простор** | Назив на просторот | **% време** |
| Затворен простор: | | |
| Отворен простор: | | |
| Друг простор: | | |

# 9. Водење на евиденција–запис/изјава за безбедност

- За извршената проценка на ризикот мора да постои соодветна евиденција во определена пишана форма-изјава за безбедност.

- Секој запис/изјава за безбедност може да биде употребен за:

►Обезбедување на информации на одговорните лица

►Проценка дали се преземени неопходни превентивни мерки

►Подготвување на евиденција за инспекциските органи

►Ревизија на мерките доколку се изменети условите на работното место

- Запис-Изјава за безбедност се изготвува според правилник согласно Законот за БЗР

# 10. Правилник за изготвување на изјава за безбедност

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИЗЈАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ, НЕЈЗИНАТА СОДРЖИНА, КАКО И ПОДАТОЦИТЕ ВРЗ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ЗАСНОВА ПРОЦЕНАТА НА РИЗИКОТ ("Сл.весник на РМ",бр.02/09)**

- Утврдување на начинот за изготвување на изјава за безбедност, нејзината содржината, како и податоците врз кои треба да се заснова процената на ризикот при работа.

- **Обврска на РАБОТОДАВАЧОТ !!!!**

- Изготвувањето на изјавата за безбедност се врши според донесена **одлука** од страна на работодавачот за поведување на постапка за проценка на ризик .

- Работодавачот одредува едно или повеќе стручни лица од редот на вработените кои се одговорни за спроведување на постапката за проценка на ризикот.

## ИЗЈАВАТА СОДРЖИ

- датум на издавање на изјавата;

- податоци на лицата кои учествувале при изработка на изјавата за безбедност со проценка на ризикот;

- податоци за претходни прегледи и испитувања на средствата за работа;
- податоци за работните места, организациските единици на работодавачот и бројот на вработени;
- проценка на ризикот
- податоци за стручните лица за безбедност при работа и за овластената здравствена установа.

**Следејки ги информациите, изјавата според документацијата треба да биде изготвена во писмена форма-од:**
**-ОВЛАСТЕНИ СТРУЧНИ ЛИЦА ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА И,**
**-ОВЛАСТЕНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА ,**
**во која во облик на дијаграм, симболи,скици , нацрти и стручен текст се потврдува и опшува местото и безбедноста .**

# 11. Информации

**Контакти:**

**Меѓународна Организација на Трудот-Скопје,Македонија**

**„Даме Груев“ бр.14 1000,Скопје**
**Тел.02-5512694**
**www.ilo.org**

**Организација на Работодавачи на Македонија**

**„Димитрија Чуповски“ бр.13 1000,Скопје**
**Тел.02-3215085**
**www.orm.org.mk**

**Конфедерација на Работодавачи на Република Македонија**

**„Васил Ѓоргов“ бр.11 1000,Скопје**
**Тел. 02- 5511 868**
**„Стефан Динески“ бр.5 7500,Прилеп**
**Тел. 048- 616 159**
**„Гоце Делчев“ бр.5 1430,Кавадарци**
**Тел. 043- 412 994**
**www.cerm.com.mk**

**Македонско Здружение За Заштита При Работа**

**„29 Ноември“ бр.50  1000,Скопје**
**Tel.02-2774 868**
**www.mzzpr.org.mk**

## Државен инспекторат за труд
## Контакт информации на државниот инспекторат за труд и подрачните единици

1 Скопје – ДИТ ( централа ) 02 3116 – 110 , 02 3224 – 504 , 02 3296 – 310

2 Скопје - Центар ( РО ) 02 3 220– 536 , 02 3213 – 184

3 Скопје - Гази Баба ( БЗР) 02 3115 – 104 , 02 3296 – 315 , 02 3296 – 316

4 Куманово 031 423 – 231 , 031 424 – 725

5 Крива Паланка 031 375 – 020 , 031 374 – 255

6 Кратово 031 481 – 099

7 Пробиштип 032 484 – 790

8 Свети Николе 032 443 – 126

9 Штип 032 383 – 503 , 032 383 – 563

10 Виница 033 361 – 644

11 Кочани 033 270 – 537

12 Делчево 033 411 – 737

13 Струмица 034 349 – 280

14 Радовиш 032 635 – 412

15 Валандово 034 382 – 856

16 Гевгелија 034 212 – 069

17 Берово 033 471 – 212 , 033 470 – 072

18 Велес 043 239 – 174

19 Кавадарци 043 412 – 480

20 Неготино 043 361 – 461

| | |
|---|---|
| 21 Тетово | 044 352 – 760 , 044 352 – 761 |
| 22 Гостивар | 042 216 – 500 |
| 23 Дебар | 046 831 – 119 |
| 24 Кичево | 045 225 – 170 |
| 25 Битола | 047 242 – 725 |
| 26 Демир Хисар | 047 276 – 321 |
| 27 Охрид | 046 257 – 670 |
| 28 Прилеп | 048 427 – 448 |
| 29 Ресен | 047 452 – 332 |
| 30 Струга | 046 783 – 139 |
| 31 Македонски Брод | 045 275 – 232 |

## Информации за текстот

Користени материјали од документацијата за безбедност и здравје на работа, стручни анализи, научни трудови, стратегии, директиви, енциклопедии од :

-МОТ/ILO

-Закон за безбедност и здравје на работа

-Републички завод за здравствена заштита

-Трудова легислатива

-МЗЗПР

-КРРМ

-ОРМ

-Институтот за медицина на трудот

-Ратификувани конвенции

-Стратегија на европска унија